РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
1 Бр. 03-2235/1
17-03-2023 год.
СТРУМИЦА

Врз член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“ бр.10/2020) и член 39 од Статутот на општина Струмица ( Службен гласник на опптина Струмица бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19) Иницијативниот одбор за конституирање на Локално собрание на млади распишува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ ЗА МЛАДИ**

Со овој Јавен повик, СЕ ПОВИКУВААТ сите младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување, кои се регистрирани во општина Струмица и ги исполнуваат следните критериуми:

- Да имаат активност на територијата на општина Струмица,
- Да се основни и активни најмалку една година пред отварање на овој јавен повик и
- Делегатот/ката и заменик делегатот/ката да се жители на општина Струмица и да се на возраст од 15 до 29 години

Задолжителни документи кои се доставуваат

1. Портфолио за работа на организацијата
2. Мотивациско писко од организацијата за учество во Локалното собрание на млади, но не повеќе од 1 страница,
3. Номинација на делега/ка и заменик делегат/ка со контакт-детали за претставниците

Начин на пријавување

Сите заинтересирани организации/групи/здруженија кои ги исполуваат критериумите потребно е да ги достават документите во печатена форма во архивата на општина Струмица со ознака Апликација за членство во Собранието на Советот на млади.

Адреса: Општина Струмица, ул. „Сандо Масев“ бр.1, 2400 Струмица

Рок на пријавување

7(седум) работни денови, вклучувајќи го и денот на објава, а најдоцна до 28.03.2023 година ( до 15:00 часот во просториите на општина Струмица).

Апликациите ќе бидат разгледувани од страна на Иницијативниот одбор за формирање Локално собрание на млади заедно со Службеникот за млади на општина Струмица со цел избор на Локалниот младински совет при општина Струмица.

За повеќе информации околу повикот може да се обратите на следниот контакт:

Службеник за млади во општина Струмица – Никица Буралиева
е-маил адреса: nikica.hristova@strumica.gov.mk
телефонски број: 070/602-020

Иницијативен одбор за конституирање на
Локално собрание на млади на општина Струмица

Марија Бандулова – НОВУС

Марија Ѓоргиева – СДММ

Василија Николова – Црвен крст

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА СТРУМИЦА * 1